**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

БР. 03-1871/2
од 05.06.2025 год.
Прилеп

Врз основа на член 35 став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 199/14, 193/15, 44/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ 32/20) и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02), член 26 од Статутот на Општина Прилеп, Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

Се организира јавна презентација и јавна анкета по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО НОВО ЛАГОВО СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 5, ОПШТИНА ПРИЛЕП.

Опис на планскиот опфат:

С.Ново Лагово е рамничарско село во општина Прилеп, која се наоѓа во североисточниот дел Пелагонискиот регион на надморска висина од 640.00 мнв.

Селото Ново Лагово се наоѓа југозападно од градот Прилеп опкружено со месностите Садово од северо исток, месност Горно Садово од југозапад, месност Дујгас од југоисток и месност Долно Садово од севрозападната страна.

Посебна карактеристика за Селото Ново Лагово е неговата местоположба во однос на патната мрежа, имено од североисток селото го тангира регионалниот пат Р 1107 и клучката на магистралниот пат А3, од југоисток го тангира магистралниот пат А3, од северозапад го тангира регионалниот пат Р 1101, а од југозапад е обработливо земјиште.

Определената и дадена ситуација на населбата поточно се најдува на југозапад од Прилеп на 5,00 km, а пристапот е преку асфалтен пат. Во с. Ново Лагово се пристигнува преку Магистралниот пат А3 и Регионалниот пат Р1101 Прилеп - Битола, односно (Р 106 - стара ознака), од северозапад се влегува во селото.

Границата на планскиот опфат на Урбанистички план за село Ново Лагово со разработка на блок 5, Општина Прилеп со површина од 42,12 ha е дефиниран со следните граници:

- на северо-исток границата се движи низ КП4818, КП392/4, КП97/2, КП97/4, 96/1, 93/1, КП95/1, КП95/1, КП94/4, се движи по значително мал дел од границата на КП94/4, продолжува низ КП94/6, КП117/4, КП53/6, КП132/3, КП133/3, КП131/1, 53/7, КП134/2, КП135/2, КП136/2 и КП1273 оттука се спушта во правец кон југ продолжувајќи по југо-источната граница,

- на југо-исток границата продолжува низ КП127/3, КП137/3, К138/3, КП391/3, КП156/3, КП158/3, КП159/9, КП396/6, КП164/7, КП166/4, КП167/2 и повторно низ КП166/4 од каде скршнува во правец кон запад

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРИЛЕП

СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

- на југ границата продолжува низ КП166/4, КП161/8, КП161/3, минува по мал дел од границата на КП161/3 по границите на КП209/1, КП208, КП232, КП204, минува низ КП197 каде завршува јужната граница

- на северо-запад границата продолжува низ КП197, КП1280, КП1279, се движи по мал дел од границата на КП19/1, минува низ дел од КП23/9, КП19/1, продолжува низ КП16/2, КП16/3, КП16/1, се движи по мал дел од границата на КП5 и КП1/14, продолжува покрај границата на КП1/14, 1/12, се движи по мал дел од границата на КП1/15 од каде продолжува по нејзините граници и границите на КП3925, минува низ КП392/5 и минува покрај границите на КП4818, каде завршува во најсеверната точка на опфатот.

За конкретниот плански опфат, нема претходна планска документација.

Подрачјето на пласнкиот опфат е на теритирија на Општина Прилеп.

Јавната анкета и јавна презентација по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО НОВО ЛАГОВО СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 5, ОПШТИНА ПРИЛЕП ќе се спроведе со излагање на Предлог Планот во просториите на Оптина Прилеп.

Јавна анкета ќе трае 5 работни дена од денот на објевувањето на Соопштението односно од 13.06.2025 година до 20.06.2025 година секој работен ден од 8,30 до 15,30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презенирање на планот ќе се одржи на ден 19.06.2025 година, четврток, во 10:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Борче Јовчески**

Република Северна Македонија
Градоначалник
Општина Прилеп